**Транспорт на примероци**

Согласно Стандардот за медицински лаборатории ISO15189:2022 по кој Центарот е акредитиран ИЦГИБ, МАНУ посебно внимание обрнува на начинот на транспорт на биолошки материјал од пациенти упатени за спроведување на молекуларни анализи.

Во Центарот воглавно се работи со примероци крв или друг биолошки материјал (амнионска течност, абортиран плод, парафински и/или свежи ткива) кој барателот сам ги доставува заедно со барањето (упатот) од матичниот лекар или специјалистот.

Транспортот на биолошкиот материјал до Центарот треба да е согласно следните упатства:

**- Препораки до Институциите кои вршат транспорт на биолошки материјал за анализа:**
- Земениот биолошки материјал во Центарот се доставува веднаш, односно истиот ден на земање на материјалот.
- Секој примерок мора да се обележи и истиот треба да биде придружен со соодветен упат со податоците на пациентот и назнака за типот на побаруваната анализа. На епруветката покрај името и презимето на пациентот обавезно да има запис за датумот на земен биолошки материјал
- Во случај да материјалот неможе да се достави до Центарот веднаш, истиот треба да се сочува зависно од типот на материјал (Прилог 1) во фрижидер на +4$^{o}$C или -20$^{o}$C, согласно препораките за правилно чување, ракување и транспорт на подготвен и спакуван материјал за анализа (од Институцијата од каде се упатува за анализа) и истиот во соодветни кутии – ладилници да се достави во Центарот во рок од 24 часа од моментот на земање на примерокот.

**- Препораки до пациентот, во случај да пациентот сам го носи материјалот за анализа:**

1. Не го отварајте спакуваниот материјал !!!
2. Пакувањето треба внимателно да се постави исправено, односно во положбата во која Ви е предаден од страна на стручно лице, во контејнер со цврсти ѕидови (стиропорна кутија, пластична кутија, метален контејнер...)
3. Се препорачува поставување на замрзнати патрони, со кои би се сочувала температурата на транспорт на материјалот на 4-8$^{o}$C
4. Спакуваниот материјал да се достави до Центарот истиот ден

**1.2. Несоодветен материјал за анализа**

Во Центарот, пациентите најчесто го носат биолошкиот материјал за анализа земен во институциите каде клинички се испитува. Во Центарот има образец О 7.2.2 –Информација за пациентите, за тоа каков биолошки материјал е потребен за спроведување на соодветната анализа како и за начинот на транспорт на материјалот. Овој образец е јавно истакнат на огласната табла во приемното одделение. Одговорниот за прием на материјал обавезно проверува дали материјалот кој е доставен за анализа е соодветен на барањата.

Во случај да материјалот не е соодветен веднаш се информира клиентот и тоа:

Општо за сите анализи: Во колку материјалот е земен во погрешна епрувета, пациентот се враќа назад во институцијата од каде е земен материјалот да донесе биолошки материјал во соодветна епрувета со или без ЕДТА или во исклучителни случаи биолошки материјал се зема во Центарот.

-За анализи за присуство на хромозомски аберации кај абортиран материјал се примаат свежи ткива, прочистени од ткива на мајката. Во случај да се донесе материјал фиксиран во формалин, истиот не се зема за анализа, за што веднаш се информира клиентот. Потребено е свежо ткиво или истото да е прочистено и потопено во физиолошки раствор.

- Во случај ако се достави крвава или истечена амнионска течност, за пренатална дијагностика на хромозомски анеуплоидии и/или моногенски наследни болести, истото се забележува во Дневник за евиденција, но материјалот се работи и обавезно се зема крв од мајката. Во случај да е контаминиран материјалот со крв од мајката, истото се наведува во Извештајот од тестирањето.

**Прилог 1**

**1.3. Начин на чување и транспорт на примероци за испитување**

| Анализа | Материјал | Пакување | Количина | Чување |
|---|---|---|---|---|
| **Хепатит Б вирус** | венска крв | епрувета без антикоагуланс (црвено капаче) | 2 – 3 мл | +4°C |
| **Хепатит Ц вирус** | венска крв | епрувета без антикоагуланс (црвено капаче) | 2 – 3 мл | +4°C |
| **Молекуларни анализи за наследни болести** | венска крв ако се работи за дете и крв од родителите | епрувета со ЕДТА антикоагуланс (виолоетово капаче) | 2 – 3 мл | +4°C |
| **Молекуларни анализи за ретки наследни состојби** | венска крв ако се работи за дете и крв од родителите и Извештаи | епрувета со ЕДТА антикоагуланс (виолоетово капаче) | 5 мл | +4°C |
| **Пренатална дијагноза за анеуплоидии на хромозомите 13, 18, 21 X и Y** | хорионични ресички;<br>амнионска течност;<br>венска крв (од мајката) | Контејнер со стерилен физиолошки раствор во кој се префрлени прочистените хорионични ресички;<br>Стерилен шприц со амнионска течност;<br>епрувета со ЕДТА антикоагуланс (од мајката) | 15 мл<br>2 – 3 мл | +4°C |
| **Дијагноза за присуство на анеуплоидии на сите хромозоми кај абортиран плод** | дел од абортиран плод;<br>венска крв (од двајцата партнери) | Контејнер со стерилен физиолошки раствор во кој е префрлен дел од **прочистен** абортиран плод;<br>епрувета со ЕДТА антикоагуланс (од двајцата партнери) | 15 - 20 мл<br>2 – 3 мл | +4°C |
| **Анализа на малигни болести** | венска крв<br>коскена срцевина,<br>ткиво -свежо,<br>ткиво во парафин | епрувета со ЕДТА антикоагуланс (виолоетово капаче);<br>Стерилна епруветка / шприц со коскена срцевина;<br>ткиво – свежо – веднаш замрзнато по можност во контејнер со течен азот;<br>ткиво во парафин | 2 – 3 мл | +4°C<br>-20°C<br>-80°C<br>собна T°C |

* Стерилен физиолошки раствор (1 x PBS), се доставува по барање на гинеколошки ординации.